# Интеракција и комуникација преку дигиталните технологии

- Модерното општество налага користење на дигитални алатки. Тие ни овозможуваат полесно раководење на секојдневните обврски и ни помагаат да бидеме полесно поврзани со настаните во околината, државата и светот.

- Апликација е секоја интерактивна алатка што ви овозможува да правите различни нешта. Од зборување со вашите блиски, допишување, гледање серии, плаќање сметки, играње видеоигри и многу други нешта. Секој телефон и компјутер е опремен со неколку апликации, но доколку ја нема апликацијата што ви треба, можете да ја симнете преку вашиот пребарувач.

- На вашиот компјутер го пишувате името на апликацијата што сакате да ја инсталирате. Пребарувачот ќе ви ја најде и со кликнување на копчето „Инсталирај“. Едноставно и лесно апликацијата ќе се инсталира на вашиот компјутер и веднаш можете да ја користите. Внимавајте, одредени апликации се наплаќаат, но дали е бесплатна или не се забележува веднаш пред да ја симнете. На компјутер барате преку вашиот интернет-пребарувач, на телефон преку посебна апликација за пребарување апликации.

- Имаме апликации што се само за телефон, само за компјутер или и за двете. На вашиот телефон како посебна икона се наоѓа апликацијата „Плеј стор“ или „Апл стор“, тука кликнувате и пишувате која апликација сакате да ја симнете, на пример, „Стопанска банка“, и ја инсталирате на вашиот телефон за користење.

- Одлични апликации за телефон, кои ќе ви помогнат во вашето секојдневие, се: **„Месинџер“** за бесплатно допишување со вашите блиски и **„Вајбер“** за бесплатно телефонско комуницирање.

- **„Инстаграм“** – за споделување фотографии и гледање фотографии на вашите блиски Апликација од вашата банка – за плаќање сметки Е-адреса – за добивање и праќање е-пораки.



This project is funded by the European Union

WITH FUNDING FROM AUSTRIAN DEVELOPMENT COOPERATION

Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Red Cross of the Republic of North Macedonia

Црвени крст Србије
Red Cross of Serbia
1876

AUSTRIAN RED CROSS

Хуманост

eco LOGIC